*Настан за Контунирано професионално усовршување организиран од ИОРРСМ*

**КПУ настан (8 КПУ часа) 26.11.2024 година (вторник) - 09.00 до 17.00 часот, Локација: Рагуза 360°**

## ПРОГРАМА

*08.40 – 09.00* *Регистрација*

09:00 - 09:15 **Вовед - Ќе бидат презентирани целите и очекувањата од обуката и презентацијата**

**09:15 – 10:30** **Управување со процесот на прифаќање на клиент и ангажман**

Целта на оваа сесија е осврт на барањата за прифаќање на клиент и на ревизорски ангажман, како и дискусија во однос на процесот и документирањето на истиот. Во сесијата ќе се опфатат барањата, добрите пракси и документирањето на активностите од процесот како што се:

- изјави за независност и конфликт на интерес
- запознај го клиентот (KYK)
- спречување на перење на пари (AML)
- анализа на ризици поврзани со клиентот
- одобрување на клиентот
- независност и конфликт на интерес за ангажманот
- избор на тимот на ангажманот
- ниво на искуство на членовите на тимот
- дефинирање на буџет
- одобрување на ангажманот

Ќе биде и презентирано како апликативното решение ги поддржува овие активности од процесот, како и начинот на кој се следат и документираат истите.

**Предавачи:** **Јане Иванов, овластен ревизор**
**Жарко Матејиќ, CISA, CRISC**

10:30 - 11:00 *Пауза за кафе (30 мин)*

11:00 – 12.00 **Планирање на ангажмани**

Оваа сесија ќе биде продолжение во однос на барањата за прифаќање на ревизорскиот ангажман како и дискусија во однос на процесот и документирањето на истиот. Во сесијата ќе се опфатат барањата и добрите пракси во однос на следните активности од процесот и нивно документирање:

- планирање на ангажмани и ресурси на ниво на сезона
- управување и следење на Pipeline

Ќе биде и презентирано како апликативното решение ги поддржува овие активности од процесот, како и начинот на кој се следат и документираат истите.

**Предавачи:** **Јане Иванов, овластен ревизор**
**Жарко Матејиќ, CISA, CRISC**

| | |
|---|---|
| 12:00 - 13:00 | ***Пауза за ручек (60 мин)*** |

13:00 - 14:30 **Управување со ангажман**

Целта на оваа сесија е осврт на барањата на МСР, контролата на квалитет согласно новиот ISQM 1, како и дискусија во однос на добрите пракси за следните области од ревизијата:

- планирање на активности и ресурси на ниво на ангажман
- управување со потрошеното време на ангажман - Timesheets

Ќе биде презентирано и како апликативното решение ги поддржува овие активности од процесот, како начинот на кој се следат и документираат истите.

**Предавачи:** **Јане Иванов, овластен ревизор**

**Жарко Матејиќ, CISA, CRISC**

| | |
|---|---|
| 14:30 - 15:00 | *Пауза за кафе (30 мин)* |

15:00 - 15:45 **Управување со ревизорски ангажман базиран на ризици**

Оваа сесија ќе биде презентација и дискусија во однос на процесот на управување со ревизорски ангажман базиран на ризици со презентација на техничка алатка, како и за најчестите предизвици во врска со следново:

- креирање план за ревизија
- идентификација на ризици
- поврзување на ризиците со позиции од бруто билансот
- стратегија за одговор на ризиците преку тестови на контроли и/или суштински тестирања
- документирање на наоди и препораки кон раководството

Ќе биде презентирано на кој начин работи апликативното решение, како се дефинираат ризиците, контролите, суштинските тестови, како и дефинирањето и следењето на статусот на наодите од ревизијата и препораките кон раководството.

**Предавачи:** **Јане Иванов, овластен ревизор**

**Жарко Матејиќ, CISA, CRISC**

15:45 – 17:00 **Комуникација со клиентот, барања и размена на податоци**

Оваа сесија ќе биде ќе биде насочена кон процесот на комуникацијата меѓу ревизорот и клиентот, дефинирање на барања и доставување на податоците, како и предизвиците во однос овие активности во ангажманот, во следните области:

- дефинирање на барањата кон клиентот
- управување со процесот на доставување и следење на активностите во однос на барањата
- доставување на податоци од страна на клиентите
- следење на статусот на барањата

Ќе биде презентирано на кој начин овие активности се интегрирани во апликативното решение.

**Предавач:** **Жарко Матејиќ, CISA, CRISC**

**Презентери:**

**Јане Иванов**, овластен ревизор

Јане Иванов е искусен ревизор со демонстрирана историја над 20 години на работење во ревизорската и консултантската индустрија. Работи како управител и партнер во МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Поседува професионални сметководствени вештини и е овластен ревизор и овластен сметководител, фокусиран на пружање на услуги за уверување. Тој има вештини во МСФИ, надворешна ревизија, статутарно сметководство и финансиско известување, како и ангажмани за управување со ризици. Од 2018 до 2021 година беше член на Комисијата за контрола на квалитет при Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, додека од 2021 година е член на Управниот Одбор во Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија. Има голема листа на ангажмани на надворешна ревизија (законска, МСФИ и ревизии на грантови) во Македонија и регионот на Централна и Источна Европа, како и бројни ангажмани на уверување, договорни постапки и длабински анализи. Тој е искусен тренер во разни едукативни програми поврзани со сметководството и ревизијата.

**Жарко Матејиќ**, CISA, CRISC

Жарко има преку 20 години искуство во Big 4 ревизорска фирма, како ИТ ревизор и ИТ консултант во ангажмани кај најголемите компании во Македонија во регионот. Во 2021 година отвара своја фирма и работи ИТ ревизии, ИТ консалтинг и развој на софтвер. Своето долгогодишно искуство во областа на финансиските и ИТ ревизиите, како и анализата на податоци за потребите на финансиската ревизија одлучува да го преточи во софтверска решение кое ќе ги адресира потребите на ревизорските компании и ќе ги поддржи различните процеси и активности во различните фази на ревизијата, од моментот на идентификување на потенцијален клиент и ангажман, нивно прифаќање, планирање, извршување, анализи на податоци, креирање на разни извештаи, спроведување на тестови, па се до моментот на затварање на ангажманот. Софтверското решение се развива во согласност со меѓународните ревизорски стандарди и добрите пракси на струката и има за цел да преку олеснување во работењето и автоматизација на дел од активностите да се оптимизира потребното време за извршување и да се подигне квалитетот на ревизиите.

*Апликативното решение е во завршна фаза на тестирање и во текот на предавањата ќе бидат презентирани различни аспекти од барањата на МРС и добрите пракси во процесот на ревизија и на кој начин тие барања и добри пракси се интегрирани во решението.*